# Барање за пристап до информации од јавен карактер

Република Северна Македонија, Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS OHE
Примено/E pranua 19.03.2024
Орг. Един. 03 | Број 393/1

From: Ohrid SOS (ohridsos@gmail.com)

To: zimohrid@yahoo.com

Date: Tuesday, March 19, 2024, 08:25 AM GMT+1

Почитувани,

Согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за заштита на културното наследство, од НУ завод за заштита на спомениците и музеј Охрид, барам да ми се достави информација:

**1.** За постапувањето на заводот по насоки од Точка 31 од одлука на Владата донесена на 187. Седница од 26.09.2023 година и тоа:

**1.1** Дали изработи евиденција на заштитените културни добра и амбиенталните објекти на кои се поставени сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами поставени на заштитени културни добра и амбиентални објекти во рамки на Старото градско јадро на Охрид?

**1.2** Дали донесе решенија за отстранување на сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами?

**1.3** Колку од несоодветата опрема е отстранета до сега и која временската рамка за отстранување на сите?

**2.** Која е постапката на Заводот кога ќе утврди поставување нови несоодветни инсталации или рекламни паноа/светлечки реклами?
Колку такви се до сега отстранети?

**3.** Дали Заводот има изработено Листа на загрозено културно наследство во Охридскиот Регион со приоритети за конзервација и реставрација?
Доколку таков документ постои, барам да ми биде доставен.

**4.** Дали заводот изработи листа на добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство согласно задолжување од влада од 28.12.2022 година?
Барам да ми биде доставен.

**5.** Дали е изработен елаборат за ревалоризација на културното наследство во Охридскиот Регион е дали истиот е усвоен?

**6.** До каде е постапката со урбанистичките планови за 19-те комплекси на Старото градско јадро на Охрид од аспект на вклученост на Заводот во постапката?

Ве молам, бараните информации да ми бидат доставени во електронски формат во законски утврдениот рок.

Однапред благодарам.

ohridsos@gmail.com

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

НУ „Завод и Музеј - Охрид", ул. "Гоце Делчев" бр. 18/II Фах 95, 6000 Охрид, Република Македонија,
тел. 046/262-498, 046/231-300, факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173,
e-mail: [illegible], жиро сметка: [illegible]

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI E MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURES OHË
Бр./Nr. 03-393/2
09.04.2024
Охрид/Ohër

До
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**
**(ohridsos@gmail.com)**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ВРСКА:** Барање за пристап до информација од јавен карактер бр. 03-393/1 од 19.03.2024 година)

НУ Завод и Музеј – Охрид, постапувајќи по поднесено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за заштита на културното наследство од страна на Ohrid SOS преку застапник од 19.03.2024 година испратено по електронски пат (наш бр. 03-393/1 од 19.03.2024 година), а во врска со постапување на заводот по насоки од Точка 31 од одлука на Владата донесена на 187. Седница од 26.09.2023 година, за тоа цитирам:

1. За постапувањето на заводот по насока од Точка 31 од одлука на Владата донесена на 187. Седница од 26.09.2023 година и тоа:

1.1 Дали изработи свиденција на заштитените културни добра и амбиенталните објекти на кои се поставени сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами поставени на заштитени културни добра и амбиентални објекти во рамки на Старото градско јадро на Охрид?

1.2 Дали донесе решенија за отстранување на сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами?

1.3 Колку од несоодветната опрема е отстранета до сега и која временска рамка за отстранување на сите?

2. Која е постапката на Заводот кога ќе утврди поставување нови несоодветни инсталации или рекламни паноа/светлечки реклами?
   Колку такви се до сега отстранети?

3. Дали Заводот има изработено Листа на загрозено културно наследство во Охридскиот Регион со приоритети за конзервација и реставрација?
   Доколку таков документ постои, барам да ми биде доставен.

4. Дали заводот изработи листа на добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство согласно задолжување од Влада од 28.12.2022

година?

Барам да ми биде доставен.

5. Дали е изработен елаборат за ревалоризација на културното наследство во Охридскиот Регион и дали истиот е усвоен?
6. До каде е постапката со урбанистичките планови за 19-те комплекси на Старото градско јадро на Охрид од аспект на вклученост на Заводот во постапката?

Врз основа на член 13 ст. 3 и 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, иматело на информацијата НУ Завод и Музеј – Охрид, преку овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/19) Ви ги доставува следните информации:

Во врска со вашето барање информација од јавен карактер, а притоа имајќи го предвид член 3 став 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) за тоа што е информација од јавен карактер, дека тоа е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности, Ве информираме за следното:

1.1 Стручните служби при НУ Завод и Музеј – Охрид изработи евиденција на заштитените културни добра и амбиенталните објекти на кои се поставени сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами поставени на заштитени културни добра и амбиентални објекти во рамки на Старото градско јадро на Охрид. Евиденцијата ја изработи со изготвување на поединечни картони за сите објекти поделени по урбани комплекси со поединечни забелешки во врска со поставени клима уреди, сончеви колектори, соларни панели и светлечки реклами.

| Реден бр. | КП | адреса | сопственик |
|---|---|---|---|
| 16 | 15116 | Климент Охридски бр.5 | Ердан Џело |



| Клима уреди | Фотоволтаични панели | Соларни панели | Светлечки реклами |
|---|---|---|---|
| Да (дислокација на клима уреди на соодветно место на задна фасада) | не | не | Да (отстранување на светлечките реклами и поставување на нови реклами изработени согласно правилник) |

| Редни бр. | КП | адреса | сопственик |
| --- | --- | --- | --- |
| 28 | 15271 | Климент Охридски | Назуктер Неби |



| Клима уреди | Фотоволтаични панели | Соларни панели | Светлечки реклами |
| --- | --- | --- | --- |
| Да (отстранување на клима уреди и нивна дислокација) | не | не | Да (отстранување на светлечките реклами и поставување на нови реклами изработени согласно правилник) |

Во моментов се изработува приоритетна листа на најзагрозени објекти согласно заклучоците на Владата на РСМ по што би се одредила динамиката на реализација на истите.

1.2 Со оглед на тоа дека приоритетната листа е во фаза на изработка, донесувањето на актите ќе следат според предвидената динамика на активностите.

1.3 До овој момент поставени се унифицирани реклами како замена за светлечките реклами на ул. Цар Самуил и ул. Коста Абраш изработени согласно **Правилникот и Каталогот Бр. 09-16323/1 од 23.11.2022 година, за стандардизација и визуелна унификација на локациите опфатени со анализата на визуелното оптеретување на градот Охрид, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година со заклучок Број 09- 16213/156, објавени во „Службен гласник" бр. 13 на 29.11.2022 година, како подлога за пропишување на видот, типот, категориите и карактеристиките на стандардизирана и визуелно унифицирана урбана текстура, урбан мобилијар и утилитарни објекти, типолошки серии на опрема, материјали за изработка, начин на поставување и дизајн со карактеристики на обликовна унификација на урбана опрема за јавни површини на територијата на градот Охрид.** Унифицираните реклами табли ги изработи и постави општина Охрид, а за поставувањето на унифицираните рекламни табли НУ завод и Музеј – Охрид издаде Мислење, а Управата за заштита на културно наследство - Скопје издаде согласност. Во иднина треба да бидат поставени унифицирани рекламни табли по објектите од охридската чаршија, ул.Македонски Просветители, ул. Гоце Делчев и ул. 7-ми Ноември.

2. При поставување на нови несоодветни инсталации или рекламни паноа/светлечки реклами стручните служби при НУ Завод и Музеј- Охрид изготвуваат Извештај и истиот го доставуваат до Управата за заштита на културно наследство – Скопје на нивно понатамошно постапување. Инспекциските служби при УЗКН доаѓаат на лице место, вршат увид, изгорвуваат записник и ги задолжуваат сопствениците како да постапат понатаму. До овој момент до Управата за заштита на културно наследство – Скопје доставен е извештај за несоодветно поставен клима уред. УЗКН изврши увид и ги задолжи сопствениците да извршат маскирање на клима уредот со соодветна дрвена маска во бела или темно кафеава боја, меѓутоа сопствениците се уште немаат постапено по задолженијата од УЗКН.

3. НУ Завод и Музеј – Охрид има изработено листа на загрозено културно наследство во Охридскиот Регион со приоритети за конзервација и реставрација. На таа листа се наоѓа пештерната црква Св. Архангел Михаил во с. Радожда на која НУ Завод и Музеј – Охрид веќе изврши неопходни конзерваторски интервенции. Исто така на таа листа се наоѓа и црквата Св. Богородица Челница за која НУ Завод и Музеј – Охрид изработи соодветни проекти за нејзина конзервација. Согласно степенот на загрозеност НУ Завод и Музеј – Охрид секоја година аплицира до Министерството за култура на РСМ и обезбедува финансиски средства ставајќи приоритет на објекти кои се најзагрозени. Така во моментов се работи на конзервација на фрескоживописот на црквата Св. Богородица Болничка. Во текот на изминатите години се работеше и на конзервација и статичко зајакнување на црквата Св. Богородица Захумска и истата е целосно завршена. Во прилог Ви доставуваме Решенија за објекти кои се прогласени за културно наследство во опасност.

4. НУ Завод и Музеј – Охрид има изработено комплетна листа на сите објекти,поточно и на тие кои поединечно се веќе заштитени, а и на тие за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство и за кои континуирано се изработуваат елаборати за нивна валоризација. Истата

ќе ви биде испратена во прилог.

5. Елаборатот за ревалоризација на културното наследство во Охридскиот Регион е во фаза на изработка, поточно во завршна фаза на изработка. Со оглед на обемноста на истиот се изработува подолг временски период. Истиот ќе биде усвоен кога ќе биде доставен до Управата за заштита на културно наследство на нивно понатамошно постапување, поточно ќе биде разгледан и усвоен од страна на соодветна комисија, па ќе биде доставен до Национален совет при Министерството за култура кој го раководи Министерот за култура, а потоа треба да биде донесена Одлука на Влада на РСМ.

6. Постапката за изработка на Детални урбанистички планови за 19-те комплекси на Старото градско јадро на Охрид од аспект на вклученост на Заводот во постапката се уште не е отпочната. Поточно НУ Завод и Музеј – Охрид за изработка на горенаведените Детални урбанистички планови неопходно е да изработи Заштитно конзерваторски основи за секој план поединечно врз основа на поднесено барање со ажурирана геодетска подлога од страна на општина Охрид или пак од страна на одредено физичко или правно лице. Без добивање на соодветни барање НУ Завод и Музеј – Охрид не може да отпочне со изработка на ЗКО. До овој момент не е добиено ниту едно барање со ажурирана подлога за изработка на 19 детални урбанистички планови за 19 урбани комплекси кои се составен дел од заштитената споменичка целина Старото градско јадро на Охрид прогласена со Закон за културно наследство од особено значење.

Со почит,

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Тања Паскали Бунташеска
диа, конзерватор – советник

в.д. Директор,
М-р Ирена Шајн

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВКУПЕН БРОЈ НА ЗАШТИТЕНИ НЕДВИЖНИ ДОБРА И БРОЈ НА НЕДВИЖНИ ДОБРА ЗА КОИ ОСНОВАНО СЕ ПРЕТПОСТАВУВА ДЕКА ПРЕТСТАВУВААТ КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА ПОДРАЧЈЕТО НА КОЕ НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ И МУЗЕЈ ОХРИД ИМА НАДЛЕЖНОСТ

**Листа на културни добра на територија на општина ОХРИД**

1. Вкупен број на валоризирани и ревалоризирани заштитени недвижни добра после 2005 година:
- сакрални објекти: 11
- староградска архитектура: 49
- акт за престанок староградска архитектура: 56
- исламска архитектура: 10

2. Вкупен број на валоризирани објекти за кои ревалоризацијата е во тек или треба да се направи:
- сакрални објекти: 27
- староградска архитектура: 4
- исламска архитектура: 1

**Листа на културни добра на територија на општина СТРУГА**

1. Вкупен број на валоризирани и ревалоризирани заштитени недвижни добра:
- традиционална староградска архитектура: 12
- акт за престанок староградска архитектура: 38
- исламска архитектура: 1
- сакрални објекти: 2

2. Вкупен број на валоризирани објекти за кои ревалоризацијата е во тек или треба да се направи:
- сакрални објекти: 3
- староградска архитектура: 3
- исламска архитектура: 2

3. Вкупен број на културни добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство:
- традиционална староградска архитектура:14

**Листа на културни добра на територија на општина ДЕБАРЦА**

1. Вкупен број на валоризирани и ревалоризирани заштитени недвижни добра:
- традиционална архитектура: 1
- христијански сакрални градби: 1

2. Вкупен број на валоризирани објекти за кои ревалоризацијата е во тек или треба да се направи:
- сакрални објекти: 8

**Листа на културни добра на територија на општина ВЕВЧАНИ**
**1. Вкупен број на заштитени недвижни добра (валоризирани):**
**- традиционална архитектура: 10**

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

Зavод в Музеј - Охрид
ИНДОК
ЦЕНТАР
Бр.ПА-168/18

WWW.UZKN.GOV.MK

Уп. бр. 18-301
26.06.2018 год.
Скопје

02.07. 2018
15 356/5

Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице врз основа член 43 став 2 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/2016 и 11/2018) донесе

## РЕШЕНИЕ
### за прогласување на културното наследство во опасност

1. Културното наследство "Куќа на ул. Коста Рацин бр.45" во Охрид се прогласува за културно наследство во опасност.
2. За културното наследство во опасност се определуваат следните итни мерки на заштита:
   - изработка на проектна документација за објектот и тоа: изработка на проектна документација на постојната состојба на објектот, снимање на постојната состојба, конзерваторски истражувања и стручна контрола на проект,
   - отстранување на објектот.
3. Мерките на заштита да се извршат по одобрување на средствата во износ од 418.935,00 денари.
4. Врз основа на ова решение се врши запишување на културното наследство во опасност "Куќа на ул. Коста Рацин бр.45" во Охрид во Националниот регистар на културното наследство и тоа во дополнителен регистар на културно наследство во опасност.
5. Жалбата против решението за прогласување на културно наследство во опасност не го задржува извршувањето на решението.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура поднесено е барање од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид за прогласување на Куќата на ул. Коста Рацин бр.45 во Охрид за културно наследство во опасност.

Куќата на ул. Коста Рацин бр.45 во Охрид е прогласена за значајно културно наследство со Решение уп. бр. 08-65 од 03.09.2010 година донесено од Управата за заштита на културното наследство.

Куќата датира од XIX век и поседува карактеристики на охридска староградска архитектура. Изградена е од природни материјали со спратност од приземје и два ката, при што приземјето и делумно првиот кат се изведени од камен, а вториот кат и делови од првиот од дрвена бондручна конструкција. Катовите се

еркерно исфрлени, потпрени со дрвени косници и ја следат линијата на улицата. Обликувањето на фасадата е карактеристично, во ритам на ѕидните платна и прозорските отвори, бело обоена, со дрвени опшиви на аглите и околу прозорците и стреи.

По барање на сопственикот на објектот, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид формираше стручен тим кој изврши увид на состојбата на објектот при што констатирана е исклучително лоша состојба на конструкцијата на истиот и на посебните елементи од фасадата, кровот и внатрешните ѕидови. Објектот е превентивно потпрен со дрвени потпори на соседната карпа и претставува непосредна опасност за минувачите. Особено е руиниран вториот кат и кровниот покривач. Исто така, постои оштетеност и дотраеност на фасадата и на оригиналната столарија. Поради склоноста од паѓање, објектот преставува опасност за соседните градби и животот на луѓето.

Причините за загрозеност на доброто се староста на објектот, дотраеноста на материјалите и руинираност на носивите конструктивни елементи. Објектот е запуштен, напуштен и на него до сега не се превземани никакви санациони или конзерваторски мерки.

Со оглед на тоа што на културното наследство - Куќа на ул. Коста Рацин бр.45 во Охрид му се заканува непосредна и конкретно утврдена опасност од понатамошно оштетување, уништување и посериозно нарушување на неговиот интегритет, поради забрзано пропаѓање на материјалот од кој е направена, Управата за заштита на културното наследство, согласно член 43 став 2 од Законот за заштита на културното наследство, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:**

Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 (петнаесет) дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Директор**

***д-р Елеонора Петрова - Митевска***

Доставено до:
- НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид;
- Општина Охрид;
- Министерство за култура;
- Имателот;
- Досие;
- Архива.

Изработил: м-р М.Д.Тодоровска
Одобрил: Л.Петрова

Адреса: „Павел Шатев" бр. 3; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk

Завод и Музеј - Охрид
ИНДОК
ЦЕНТАР
Бр. ПЛА-516/18

*Република Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
Уп.бр. 18-1284
08.11.2018 год.
Скопје

14.11. 2018
15 1442/3

Управата за заштита на културното наследство орган во состав на Министерството за култура, по предлог за прогласување на културно наследство во опасност бр.15-1442/1 од 29.10.2018 год. на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, врз основа член 43 став 2 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18) донесе:

## РЕШЕНИЕ
### за прогласување на културно наследство во опасност

1. Културното наследство Римска бања на археолошкиот локалитет Плаошник во Охрид **се прогласува за културно наследство во опасност.**
2. За културното наследство во опасност се определуваат следните итни мерки на заштита:
   - изградба на соодветен кров кој ќе биде статички поставен, со обем, на столбови и носачи;
   - подигнување на потпорен ѕид покрај северната страна на објектот, со ископување на дренажен канал околу објектот и поставување на соодветни елементи за спречување на влагата во подот на мозаикот,
   - конзервација на архитектурата, вклучувајќи ги и подовите (мозаиците) и малтерисаните облоги на ѕидовите,
   - партерно уредување на целиот простор – пристапна патека до Римската бања.
3. Мерките на заштита ќе се извршат во тековната 2019 година од денот на одобрување на средствата во износ од 7.293.253 денари.
4. Врз основа на ова решение се врши запишување на културното наследство во опасност во Националниот регистар на културното наследство и тоа во дополнителен регистар на културно наследство во опасност.
5. Жалбата против решението за прогласување на културно наследство во опасност не го задржува извршувањето на решението.

### *Образложение*

До Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура поднесен е предлог за прогласување на Римска бања на археолошкиот локалитет Плаошник во Охрид, за културно наследство во опасност, од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид со бр.15-1442/1 од 29.10.2018 година.

Адреса: „Павел Шатев" бр. 3; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk

Својството на споменик на културата на археолошкиот локалитет Плаошник е утврдено со решение бр.102-694/1 од 26.07.2000 година Завод за заштита на спомениците на културата Охрид.

Предметното добро било ставено под заштита како културно наследство поради тоа што со својата монументалност, раскошност и сочуваност е единствен ваков објект во Р.Македонија, како и поради изведбата на мозаичниот под и мотивите.

Во предлогот за прогласување на културно наследство ва опасност е наведено дека **состојбата на објектот Римска бања е исклучително лоша поради две поседователни временски непогоди во овој регион.**

Голема опасност за објектот претставува уништениот привремен кров од метална конструкција кој со невремето голем дел е уништен и како последица на истото сите простории во објектот се постојано влажни. Одводниот канал на одредени места е уништен, а најрепрезентативниот елемент мозаичниот под е одвоен од подлогата. Најголемите оштетувања се настанати во текот на месец јануари и февруари 2018 година, односно после двете последователни временски непогоди кој го зафатија охридскиот регион. Кровната конструкција е оштетена до таа мерка што не е возможно да се поправи со мал зафат. По обилните врнежи северниот профил е многу нестабилен и голем дел од него е одронет во просториите од римскиот објект.

Со оглед на тоа што на културното наследство Римска бања на археолошкиот локалитет Плаошник му се заканува опасност од понатамошно оштетување, уништување и посериозно нарушување на неговиот интегритет, Управата за заштита на културното наследство, согласно член 43 став 4 од Законот за заштита на културното наследство, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Согласно член 43 став 5 од Законот за заштита на културното наследство, жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

Решено во Управата за заштита на културното наследство на ден 08.11.2018 година под Уп.бр. 18-1284

**Правна поука:**

Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Директор,**

***д-р Елеонора Петрова Митевска***

Доставено до:

- НУЗЗСК Охрид;
- Министерство за култура;
- Досие;
- Архива.

14.11.18 1503 паркове С. Цавев

Изработил: Л.Петрова

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

Завод - Музеј Охрид
ИНДОК
ЦЕНТАР
Бр. СЛ-557/17

WWW.UZKN.GOV.MK

Уп. бр. 18-803
07.11. 2017 год.
Скопје

14. 11. 2017
15 | 842/5

Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице врз основа член 43 став 2 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/2016) донесе

## РЕШЕНИЕ
### за прогласување на културното наследство во опасност

1. Културното наследство пештерска црква "Св. Архангел Михаил" во с. Радожда, Струга се прогласува за културно наследство во опасност.
2. За културното наследство во опасност се определуваат следните итни мерки на заштита:
   - мерки за превентивна заштита на нартексот и наосот на црквата,
   - конзервација, санација и реставрација на нартексот и наосот на црквата.
3. Мерките на заштита да се извршат во рок од 30 дена по завршување на постапката за јавна набавка за изведување на работите на непосредна заштита во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид, откако ќе бидат одобрени средствата во износ од 324.530,00 денари.
4. Врз основа на ова решение се врши запишување на културното наследство во опасност пештерска црква "Св. Архангел Михаил" во с. Радожда, Струга во Националниот регистар на културното наследство и тоа во дополнителен регистар на културно наследство во опасност.
5. Жалбата против решението за прогласување на културно наследство во опасност не го задржува извршувањето на решението.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура поднесено е барање од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид за прогласување на пештерската црква "Св. Архангел Михаил" во с. Радожда, Струга за културно наследство во опасност.

Својството на споменик на културата на пештерската црква "Св. Архангел Михаил" во с. Радожда, Струга е утврдено со решение бр. 08-1393 од 29.11.1996 година донесено од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата.

Црквата Св. Архенгел Михаил во с. Радожда Струга (КП 867) претставува манастирка црква изградена кон крајот на XIII и почетокот на XIV век. Црквата е градена со нартекс и наос, поставени во оска север-југ, со апсида на источниот ѕид. Просторот на нартексот е засведен со полуобличаст свод, а во наосот се наоѓа мала неправилна купола. Во црквата има сочуван живопис од XIII па се до XVII век, во внатрешниот дел и на фасадата од црквата.

Адреса: „Павел Шатев" бр. 3; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk upkulnas@t-home.mk

Состојбата на архитектурата од аспект на статичката стабилност е алармантна на северниот дел од црквата. На надворешниот дел од апсидата (олтарот) е констатирано одвојување на фасадната ѕидарија околу прозорецот со фуга со големина до 5см. Источниот ѕид кој е и единствен ѕид на пештерната црква, исто така е одвоен од матичната карпа. Истиот се носи на дабови греди премостени помеѓу две стени и со текот на времето поради ослабнување на материјалот, како и поради тежината од ѕидот е дојдено до угибување на гредите.

Во внатрешноста на црквата утврдени се оштетувања на живописот како резултат на влагата која се слива од стената на покривачот и носачите, односно ѕидот на црквата. Влагата навлегува преку носачот, основниот малтер, сликарскиот малтер – интонако и боениот слој. Градежниот материјал станува порозен и се одвојува од носачот во вид на поглабочени површини без отворен дел во горните зони. Во долните партии на живописот се забележани поголеми подлобочени површини со отворен дел од околу 3см. Вакви подглабочувања се забележани на живописот на источниот и северниот ѕид. Во централниот дел на црквата како и на западната страна на живописот е забележана појава на соли и пулверзиран живопис.

Исто така, поради намалената стабилност на носивите греди кои го носат источниот ѕид од Црквата и опасноста од рушење, таа претставува опасност за посетителите.

Со оглед на тоа што на културното наследство - пештерна црква "Св. Архангел Михаил" во с. Радожда, Струга му се заканува опасност од понатамошно оштетување, уништување и посериозно нарушување на неговиот интегритет, Управата за заштита на културното наследство, согласно член 43 став 2 од Законот за заштита на културното наследство, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:**

Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 (петнаесет) дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**в.д ДИРЕКТОР,**

***д-р Елеонора Петрова - Митевска***

Доставено до:

- НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид;
- Општина Струга;
- Министерство за култура;
- Досие;
- Архива.

Изработил: м-р М.Д.Тодоровска

Одобрил: м-р Б.Јовановска

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
Уп. бр. 18-1285
08.11. 2018 год.
Скопје

Завод и Музеј - Охрид
ИНДОК
ЦЕНТАР
Бр. СА-514/18



14.11. 2018
15 1441/3

Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице врз основа член 43 став 2 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/2016 и 11/2018) донесе

## РЕШЕНИЕ
### за прогласување на културното наследство во опасност

1. Културното наследство црква "Св. Богородица Челница" во Охрид се прогласува за културно наследство во опасност.
2. За културното наследство во опасност се определуваат следните итни мерки на заштита:
   - изработка на проектна документација за постојната состојба со проект за статичко зајакнување на стабилноста на црквата и компатибилно решение за криптата без никакво оштетување ни доградување на фасадниот ѕид од црквата,
   - статичко зајакнување на објектот.
3. Мерките на заштита да се извршат во рок од 6 (шест) месеци по завршување на постапката за јавна набавка (т.е по воведување на изведувачот на работа) во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид, откако ќе бидат одобрени средствата во износ од 2 398 930,00 денари.
4. Врз основа на ова решение се врши запишување на културното наследство во опасност црква "Св. Богородица Челница" во Охрид во Националниот регистар на културното наследство и тоа во дополнителен регистар на културно наследство во опасност.
5. Жалбата против решението за прогласување на културно наследство во опасност не го задржува извршувањето на решението.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура поднесено е барање од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид за прогласување на црквата "Св. Богородица Челница" во Охрид за културно наследство во опасност.

Својството на споменик на културата на црквата "Св. Богородица Челница" во Охрид е утврдено со решение бр. 07-691 од 16.06.1998 година донесено од Заводот за заштита на спомениците на култура и Народен музеј - Охрид.

Црквата Св. Богородица Челница во Охрид се наоѓа на КП 16153, КО Охрид 3 и е изградена помеѓу XIV и XV век. Источниот ѕид на црквата лежи врз ѕидовите од стариот, средновековен градски бедем. Има остатоци од криптата која датира од

крајот на IX век и се наоѓа под припрата во црквата и го зафаќа нејзиниот јужен ѕид. Крипата е изведена во два брода кои меѓусебно се поделени со два лаци. Во криптата не е сочуван фрескоживопис, а нема ни податоци дека имало.

Состојбата на архитектурата на црквата од статички аспект е нарушена, особено на јужниот фасаден ѕид. Констатирана е пукнатина на сводот од криптата кој се протега по целата должина од 561 см и продолжува на ѕидната партија од јужниот ѕид, а ширините на пукнатините се од 5 см до 12 см што укажува на статичко пореметување и опасност од рушење на јужниот фасаден ѕид. Поради намалената статичка стабилност на лакот кој е изведен од кршен камен во криптата, а се отслонува на јужниот ѕид од црквата и опасноста од рушење, би се уништила архитектурата и делот од живописот кој се наоѓа во припратата и наосот на јужниот ѕид.

Со оглед на тоа што на културното наследство – црква "Св. Богородица Челница" во Охрид му се заканува опасност од понатамошно оштетување, уништување и посериозно нарушување на неговиот интегритет, Управата за заштита на културното наследство, согласно член 43 став 2 од Законот за заштита на културното наследство, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:**

Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 (петнаесет) дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Директор**
***д-р Елеонора Петрова - Мишевска***

Доставено до:
- НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид;
- Општина Охрид;
- Министерство за култура;
- Досие;
- Архива.

Изработил: м-р М.Д.Тодоровска
Одобрил: Л. Петрова

1503
14.11. 18

Завод и Музеј - Охрид
ИНДОК
ЦЕНТАР
Бр. ПА-558/18

25.12.2018
15 1618/6

*Република Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
Уп.бр. 18-1428
21.12. 2018 год.
Скопје

Управата за заштита на културното наследство орган во состав на Министерството за култура, по предлог за прогласување на културно наследство во опасност бр.15-1618/2 од 13.12.2018 год. на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид, врз основа член 43 став 2 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16 ) донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за прогласување на културно наследство во опасност**

1. Спомен дом Браќа Миладиновци во Струга **се прогласува за културно наследство во опасност.**
2. За културното наследство во опасност од членот 1 на ова решение се определуваат итни мерки на заштита кои се состојат од две фази и тоа:
   - прва фаза – изработка на проектна документација за постојната состојба со проект за промени на достраени елементи од кровната конструкција како и санирање на оштетените внатрешни ѕидови и санирање на источната фасада;
   - втора фаза – изведба на санациони мерки според изготвена проектна документација.
3. Мерките на заштита во износ од 299.522,00 денари ќе се извршат од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид, во рок од еден месец од денот на завршување на постапките за добивање на конзерваторското одобрение и постапката за јавна набавка.
4. Врз основа на ова решение се врши запишување на културното наследство во опасност во Националниот регистар на културното наследство и тоа во дополнителен регистар на културно наследство во опасност.
5. Жалбата против решението за прогласување на културно наследство во опасност не го задржува извршувањето на решението.

***Образложение***

До Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура поднесен е предлог за прогласување на Спомен дом Браќа Миладиновци во Струга за културно наследство во опасност од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид со бр.15-1618/2 од 13.12.2018 година.

Спомен домот Браќа Миладиновци во Струга е прогласен за значајно културно наследство со решение на Управата за заштита на културното наследство со Уп.бр.18-976/2015 од 06.06.2016 година.

Во предлогот за прогласување на културно наследство ва опасност, наведено е дека надлежниот НУ завод и Музеј Охрид извршил стручна експертиза на состојбата

Адреса: „Павел Шатев" бр.3: П. фах 220; 1000 Скопје; Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk upkulnas@t-home.mk

на објектот и констатирале дека поради степенот на оштетувањата заштитеното добро да се предложи за прогласување за културно наследство во опасност.

Објектот е даден на користење на НУ Струшки вечери на поезијата и на НУ Музеј на д-р Никола Незлобински и во него се изложени значајни експонати од областа на македонската литература и меѓународната литература, како и видео и магнетофонски записи од Струшките вечери на поезијата.

Со текот на времето поради нередовно одржување објектот почнал да прокиснува со што е оштетена источната просторија на катот која е надвисната над влезот на објектот. Поради прокиснување на кровот и одлевањето на водата оштетена е и источната фасада на објектот. Како резултат на последното потребно е да се поставата нови дрвени греди, нова даскена оплата и водонепропусна фолија како и да се изврши ревизија на кровниот покривач и да се вратат керамидите и хоризонталните олуци.

По завршување на покривачките работи потребно е да се санираат оштетувањата во источната просторија како и оштетената фасада од источната страна на објектот.

Со оглед на тоа што поради загрозеност на архитектурата и оштетувањето на објектот од прокиснување му се заканува опасност од понатамошно оштетување, уништување и посериозно нарушување на неговиот интегритет како и на вредните експонати што се наоѓаат во него, Управата за заштита на културното наследство, согласно член 43 став 4 од Законот за заштита на културното наследство, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Согласно член 43 став 5 од Законот за заштита на културното наследство, жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

Решено во Управата за заштита на културното наследство на ден 21.12.2018 година под Уп.бр. 18-1428

**Правна поука:**

Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Директор,**

***д-р Елеонора Петрова Митевска***

Доставено до:

- НУ Завод и Музеј Охрид;
- Министерство за култура;
- Досие;
- Архива.

Изработил: Л.Петрова

Адреса: „Павел Шатев" бр 3; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk upkulnas@t-home.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Република Северна Македонија
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE

| Примено/E pranuar | | 23.11.2020 | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 15 | 921/8 | | |

Уп.Бр. 18-617
10.11.2020 година
Скопје

Управата за заштита на културното наследство орган во состав на Министерството за култура, по предлог за прогласување на културно наследство во опасност бр.13-923/2 од 28.10.2020 год. на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, врз основа член 43 став 2 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19 ) донесе:

## РЕШЕНИЕ
### за прогласување на културно наследство во опасност

1. Хотел Палас во Охрид **се прогласува за културно наследство во опасност.**
2. За културното наследство во опасност се определуваат следните итни мерки на заштита:
   - измена и дополнување на постоечка планска документација за постојната состојба на доброто,
   - конзерваторски истражувања и изработка на проектна програма;
   - изработка на конзерваторски проекти според вид, намена и ниво
3. Мерките на заштита ќе се извршат од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид, согласно предлог мерките за заштита, во износ од **1.050.000 денари.**
4. Врз основа на ова решение се врши запишување на културното наследство во опасност во Националниот регистар на културното наследство и тоа во дополнителен регистар на културно наследство во опасност.
5. Жалбата против решението за прогласување на културно наследство во опасност не го задржува извршувањето на решението.

### *Образложение*

До Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура поднесен е предлог за прогласување на Хотел Палас во Охрид за културно наследство во опасност, од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид со бр.13-923/2 од 28.10.2020 година.


Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев" бр. 3, Скопје, П.Фах 220
[illegible]
+389 2 3317 700
www.uzkn.gov.mk

Хотел Палас во Охрид е прогласен за значајно културно наследство со решение на Управата за заштита на културното наследство со Уп.бр.18-225/2015 од 04.01.2016 година.

Во предлогот за прогласување на културно наследство за опасност во образложението за состојба на доброто е наведено дека објектот е во лоша состојба, со голем број на статички недостатоци, поради што истиот не се става во употреба.

Во периодот кога е градено доброто (во шеесетите години од 20-ти век) не постоеле специјални прописи за проектирање во сеизмички подрачја и затоа истиот е проектиран само на дејство на гравитациони товари, и иако истиот има добро осмислено конструктивно решение сместен во зона со висока сеизмичност тој не ја поседува потребната сигурност согласно постојните технички стандарди. Исто така квалитетот на вградените конструктивни материјали не е согласно техничките стандарди за објекти лоцирани во зона на висока сеизмичност.

Од прелиминарните анализи на постојниот конструктивен систем утврдено е дека објектот како целина не ги поседува потребните динамички својства и дека при комбинирано дејство на гравитационите товари со сеизмичките сили во вертикалните конструктивни елементи се јавуваат напрегања кои се поголеми од дозволените, а истовремено вградената арматура на армиранобетонските елементи е помала од потребното.

Покрај останатото на објектот постојат неколку контактни разделници чии димензии не ги задоволуваат критериумите кои се пропишани за објекти во сеизмички подрачја.

Фасадите на сите страни се од мермер и притоа нема детал како мермерот е врзан со носивата ѕидна конструкција што исто така е потенцијална опасност за околината.

Ако се има во предвид дека Охридскиот регион се карактеризира како зона со висока сеизмичност, последователно ваквите објекти се сметаат за многу ризични кои при посилни потреси со голема веројатност би доживеале целосно рушење.

Со оглед на тоа што на културното наследство Хотел Палас во Охрид му се заканува опасност од понатамошно оштетување, уништување и посериозно нарушување на неговиот интегритет, со што ќе претставува потенцијална опасност за околината, Управата за заштита на културното наследство, согласно член 43 став 4 од Законот за заштита на културното наследство, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Согласно член 43 став 5 од Законот за заштита на културното наследство, жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

Решено во Управата за заштита на културното наследство на ден 10.11.2020 година под Уп.бр. 18-617


Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage
www.uzkn.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

**Правна поука:**

Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управана постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Директор,**

***Ацо Костов***

Доставено до:

- НУЗЗСК Охрид;
- Министерство за култура;
- Досие;
- Архива.

Изработил: Л.Петрова



Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев" бр. 3 Скопје, П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk